Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
Државен инспекторат за животна средина

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e mjedisit jetësor
Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor

ИП1 бр. 29-526
Дата: 30.07.2025 година

[redacted]

Државен Инспекторат за животна средина
Ул."Бихаќка" бр.2
1000 Скопје
(Палата Емануел Чучков)
Република Северна Македонија
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
Мобилен: +389 70 286 698

Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor
Rr."Bihakjka " nr.2
1000 Shkup
(Pallati Emanuel Çuçkov)
Republika e Maqedonisë së Veriut
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
GSM: +389 70 286 698

Канцеларија Велес
П.фах 67
Е-пошта: b.s-manaskova@sei.gov.mk
Тел. 071/397-243

Државниот инспекторат за животна средина преку ДИЖС Билјана Шуркова-Манаскова, со службена легитимација број А060120024, изврши редовен инспекциски надзор над субјектот на надзор Трговско друштво за вработување на инвалидни лица за производство трговија и услуги СИРМЕС-ТД ДОО с. Башино село Велес, со седиште на ул. Населено место без уличен систем бр. 1/ЛАКА Башно село Велес, застапувана од Трајче Чукниев-управител. Со Записник ИП1бр. 29-526 од 22.07.2025г. ја утврди фактичката состојба и врз основа на член 200 став 1 точка 14 од Законот за животната средина (Службен весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18, Службен весник на РСМ бр. 89/22, 171/22, 03/25) донесе:

## Р Е Ш Е Н И Е

1. **СЕ ЗАБРАНУВА** на Трговско друштво за вработување на инвалидни лица за производство трговија и услуги СИРМЕС-ТД ДОО с. Башино село Велес, со седиште на ул. Населено место без уличен систем бр. 1/ЛАКА Башино село Велес, носител на А-Интегрирана еколошка дозвола бр. УП1–11/3-171/2023 од 24.03.2025г.:

   1.1 Да врши одведување на животински измет од приемната јама за изѓубрување на објектите за свињи директно во река Вардар и употреба на отвор кој комуницира со канал преку кој се одведува истиот во река Вардар.

   Рок: веднаш од денот на приемот на решението.

2. **СЕ НАРЕДУВА** на Трговско друштво за вработување на инвалидни лица за производство трговија и услуги СИРМЕС-ТД ДОО с. Башино село Велес, со седиште на ул. Населено место без уличен систем бр. 1/ЛАКА Башино село Велес:

   2.1 Да изврши мониторинг на отпадната вода која по пречистувањето во станицата за третман на отпадните води се испушта во река Вардар;

   Рок: 60 (шеесет) дена од денот на приемот на решението.

   2.2 Да го ревидира Планот за обуки согласно барањата и условите од А-ИЕД.

   Рок: 60 (шеесет) дена од денот на приемот на решението.

3. Субјектот на инспекцискиот надзор од точките 1. и 2. на ова решение е должен веднаш по постапувањето или по истекот

на рокот определен за извршување на инспекциските мерки, а најдоцна во рок од три дена писмено и/или по електронска пошта да го извести инспекторот дали се извршени инспекциските мерки.

[redacted]

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Државниот инспекторат за животна средина, преку ДИЖС Билјана Шуркова-Манаскова, со службена легитимација број А060120024, на ден 22.07.2025г. изврши редовен инспекциски надзор над субјектот на надзор Трговско друштво за вработување на инвалидни лица за производство трговија и услуги СИРМЕС-ТД ДОО с. Башино село Велес, со седиште на ул. Населено место без уличен систем бр. 1/ЛАКА Башино село Велес, носител на А-Интегрирана еколошка дозвола бр. УП1–11/3-171/2023 од 24.03.2025г., а со цел да се утврди дали се исполнуваат условите и мерките од А-Интегриранаta еколошка дозвола.

Субјектот на надзор уредно и навремено беше известен за времето на надзор, а во прилог на Известувањето ИП1бр. 29-526 од 07.07.2025г. беше доставена и Листа на проверка со прашања за проверка кои го утврдуваат обемот на инспекциски надзор.

При надзорот беа присутни: Трајче Чукниев- управител и Виолета Стојановска-Чукниева-заменик овластено лице за прашањата во врска со А-ИЕД.

За утврдената фактичка состојба се изготви Записник за констатација со ИП1бр. 29-526 од 22.07.2025 година, придружен со Листа на проверка и пропратна документација обезбедена при надзорот.

При надзорот над условите и мерките од дозволата се констатира дека на КП 769/8 КО Башино село вон град е организирано вршењето на дејноста: Кланица со проектиран капацитет од 100 свињи/ден и 330 јагниња/ден, Обработка на месо и сувомеснати производи – 3-5т/ден, Производство на храна за фармата– 3000 кг/час и интензивно свињарство од 250 маторици и 4000 товеници/годишно, во објект во сопственост на субјектот на надзор СИРМЕС-ТД ДОО с. Башино село Велес, оператор на инсталација, носител на А-Интегрирана еколошка дозвола со бр.УП1–11/3-171/2023 од 24.03.2025г.

При надзорот се констатира дека не се исполнети следните пропишани мерки и услови од наведената дозвола:

1. Во делот на изѓубрувањето од свињарската фарма околу објектот се наоѓаат канали за складирање на ѓубривото со капацитет од 50м$^3$ кои водат до приемна јама со волумен од 100м$^3$. При надзорот се констатира дека од овој систем има отвор со бајпас до

Државен Инспекторат за животна средина
Ул."Бихаќка" бр.2
1000 Скопје
(Палата Емануел Чучков)
Република Северна Македонија
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
Мобилен: +389 70 286 698

Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor
Rr."Bihakjka " nr.2
1000 Shkup
(Pallati Emanuel Çuçkov)
Republika e Maqedonisë së Veriut
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
GSM: +389 70 286 698

Канцеларија Велес
П.фах 67
Е-пошта: b.s-manaskova@sei.gov.mk
Тел. 071/397-243

[redacted]

изведен подземен канал во должина од околу 100тина метри, со три ревизиони шахти надвор од границите на инсталацијата кој канал завршува во река Вардар, каде е видливо ребрасто црево.

Овој отвор/бајпас ниту е евидентиран во дозволата, ниту е ставен вон употреба, што е спротивно од условите пропишани во дозволата.

Согласно Услов 2.5.1 од Дозволата: Операторот, согласно условите од дозволата, ќе ракува и ќе го складира отпадот онака како што е опишано во документите наведени во табела, или на друг начин договорен со надлежниот орган на писмено.

Во Табела 2.5.2 Отпад складиран на самата локација, за животински измет (урина и ѓубриво) место на складирање на самата локација е бетонски резервоар од 100м$^3$, бетонски собирен канал од 50м$^3$, со услови на складирање непропустно дно, заштитено и оградено место, на начин привремено складирање се до превземање за неѓубрување на земјоделски површини.

2. Отпадните води од кланицата и објектот за месни производи се одведуваат до пречистителна станица ставена во функција во 2024г., таа е биолошка полиетиленска пречистителна станица од модуларен тип. Од објектот за производство на месни производи и од кланицата која е главен извор на отпадни води водите од линиите за колење, линиите за перење на опремата и објектите и линиите од санитарниот дел се одведуваат до маслофаќач за зафаќање на мастите и маслата од органско потекло од технолошките отпадни води, до пречистителна станица тип SBR, од каде со постапка на аерација и пречистување преку приклучок на постојната канализациона линија прочистените отпадни води се одведуваат во реципиент река Вардар. Пречистителната станица има контролна куќичка за следење и управување на нејзината работа, автоматско и мануелно вклучување и исклучување.

Субјектот на надзор воопшто не извршил мониторнг на отпадната вода која по пречистувањето се испушта во река Вардар за да се утврди нејизната ефикасност од 2024г. до денот на надзорот, а кој согласно Додаток 2 од дозволата е со фреквенција еднаш годишно - до 31 март секоја година.

3. Во делот на Управување и контрола, субјектот нема пишани инструкции за работа и соодветна обука на персоналот во врска со барањата од дозволата, кои ќе помогнат во извршување на обврските од дозволата. Бидејќи дозволата е релативно нова, потребно е да се направи ревизија на постојниот план за обука, со теми и рокови за реализација на обуките на персоналот.

Државен Инспекторат за животна средина
Ул."Бихаќка" бр.2
1000 Скопје
(Палата Емануел Чучков)
Република Северна Македонија
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
Мобилен: +389 70 286 698

Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor
Rr."Bihakjka " nr.2
1000 Shkup
(Pallati Emanuel Çuçkov)
Republika e Maqedonisë së Veriut
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
GSM: +389 70 286 698

Канцеларија Велес
П.фах 67
Е-пошта: b.s-manaskova@sei.gov.mk
Тел. 071/397-243

[redacted]

Услов 2.1.4 од дозволата утврдува дека: “Целиот персонал ќе биде целосно запознаен со оние услови од Дозволата, кои се однесуваат на нивните обврски и ќе им биде обезбедена соодветна обука и пишани инструкции за работа, со цел да им помогнат во извршување на нивните обврски”.

Согласно овластувањата што произлегуваат од член 198 став 1 точка 26, а во врска со член 200 став 1 точка 2 и точка 14 од Законот за животната средина, Државниот инспектор за животна средина го донесе оваа решение.

Доколку субјектот не постапи согласно издаденото решение, Државниот инспектор за животна средина ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежен орган, а во согласност со член 200 став 4 од Законот за животната средина.

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка во работен однос и инспекциски надзор во втор степен, во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Решението.

Жалбата се таксира со 250,00 (двеста и педесет) денари административна такса и се поднесува во два примероци.

Решено во Државен инспекторат за животна средина – канцеларија во Велес под ИП1бр. 29-526, на ден 30.07.2025 година.

ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОР
ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
Билјана Шуркова-Манаскова

Доставено до:
- Архива
- Операторот

Државен Инспекторат за животна средина
Ул.”Бихаќка” бр.2
1000 Скопје
(Палата Емануел Чучков)
Република Северна Македонија
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
Мобилен: +389 70 286 698

**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**
Rr.”Bihakjka “ nr.2
1000 Shkup
(Pallati Emanuel Çuçkov)
Republika e Maqedonisë së Veriut
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
GSM: +389 70 286 698

Канцеларија Велес
П.фах 67
Е-пошта: b.s-manaskova@sei.gov.mk
Тел. 071/397-243